### СПОРЕД СРПСКИОТ „ВЕЧЕРЊЕ НОВОСТИ“

# На големо се фалсификуваат дела од македонски сликари

**Српските и бугарските фалсификатори преку разработени мрежи на дилери ги продаваат „оригиналите“ на лесноумните купувачи**

Дела од познатите македонски сликари - Личеновски, Мартиновски, Пандилов, Корубин, Манев, Хаџи-Николов, Владимирски се копираат за српскиот и за бугарскиот пазар од тамошните фалсификатори, пишува дневниот весник „Вечерње новости“.

- Неволјата е уште поголема поради фактот што македонските музеи немаат доволно средства да ги откупат делата и со тоа да ги зачуваат од фалсификаторите. Таквата ситуација, велат експертите, им отвора широко поле на фалсификаторите, кои драстично го зголемуваат бројот на „оригиналите“, а преку разработени мрежи на дилери им ги продаваат на лесноумните љубители на „вистинската уметност“ - пишува „Вечерње новости“.



И делата на Томо Владимирски мета на фалсификаторите

Галеристите во Скопје потврдиле за весникот дека „неупатени, наивни, но добростоечки поединци, најчесто од редовите на новоформираната работна олигархија на Балканот, залетувајќи се да купат оригинал од познати автори плаќаат и по десетина илјади евра за - фалсификат“.

- Фактот што во Македонија не постои ниту една институција што се занимава со процена на вредноста, односно со оригиналноста на сликата, дополнително им ја олеснува работата на добрите фалсификатори, кои, тврдат упатените, во последно време најмногу ги има во Бугарија - пишува „Вечерњи лист“, пренесувајќи го мислењето на македонските галеристи.

Весникот го цитира скопскиот галерист Мартин Ангелков, кој вели дека сите уметници не издаваат сертификати за оригиналноста на делата, а тоа се случува и со некои галерии, и покрај тоа што на купувачот задолжително мора да му се издаде документ за да знае што плаќа.

Ангелов за „Вечерњи лист“ додава и дека во последно време фалсификаторите ги копираат и делата на македонските сликари од младите генерации како Стефан Хаџи Николов, Васко Ташковски, Свето Манев, Рубенс Корубин и други.